Бр./Nr 12-1990/4
15-10-2025 г./v.



Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23-та седница одржана на 13.10.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-1990/1 од 17.07.2025 година, оформен по доставена пријава против Објект за индивидуално домување ---, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-1990/1 од 17.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 17.07.2025 година, поднесена е пријава против Објект за индивидуално домување --- и оформен е предмет бр. 12-1990/1 од 17.07.2025 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека за Објект "---" на ул. "---" бр. ------ , ---, постоело сомнение дека имал истечена лиценца за надзор, градежната табла била прецртана во делот за надзор и дека од градилиштето биле узурпирани парцели во државна сопственост, место предвидено за тротоар, итн. Дополнето е и дека се извршувале градежни работи навечер и за време на празници за што постоел извештај од Полициска станица ---.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Општина ---, Сектор Инспекторат, Одделение за урбанистичка и градежна инспекција.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Општинскиот градежен инспектор во прилог на допис – Известување бр. --- од 18.08.2025 година година, доставил Записник за извршен вонреден инспекциски надзор ИП1 бр. --- од 14.08.2025 година. Навел дека од страна на општинскиот градежен инспектор при Општина ---, на ден 13.08.2025 година, извршен е вонреден инспекциски надзор, при што е констатирано дека кај инвеститорите ---, ---, ---и ---, не биле утврдени неправилности при градењето на градба од втора категорија согласно Законот за градење – индивидуално домување, одобрено со Одобрение за градење УП бр. --- од 04.04.2024 година, правосилно на ден 26.04.2024 година, што се гради на ул. „--- " бр. ---, КП ---, КП --- и КП ---, КО ---.
Видно од записникот, од страна на општината, на инвеститорите им било издадено Одобрение за градење Уп1 бр. --- од 04.04.2024 година (правосилно на ден 26.04.2024 година), со кое им било одобрено градење на градба од втора категорија од Законот за градење – индивидуално домување на ул. „--- " бр---, КП ---, КП ---и КП ---, КО ---.
Составен дел на Одобрението за градење бил и Основен проект (фази: архитектура, градежни конструкции, електрика, водовод и канализација) со тех.бр. --- од 2023 година, изработен од ---ДООЕЛ ---, како и Геодетски елаборат за нумерички податоци за земјиште со дел. бр --- од 05.10.2023 година, изработени од --- ДООЕЛ ---.
Градбата согласно издадената документација била ---х---м, кота на венец Н=---, кота на слеме Н=--- и катност ---.
Инвеститорот уредно го имал пријавено почетокот на градбата со Известување за започнување на изградба на градба бр. --- од 12.07.2024 година.
За изведувач на градежните работи, во известувањето за започнување на градба, посочено е правното лице --- ДООЕЛ – ---, со Лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија со број --- од 10.07.2019 година со важност до 10.07.2026 година.
Со Решение издадено од страна на изведувачот, се назначува лицето --- дги. за инжeнер за изведба, со Овластување А за инженер за изведба од градежништвото со број --- од 08.02.2026 година.

За надзор над изградба на градбата посочено е правното лице --- ДООЕЛ Скопје, управител ---, со седиште на ул. ---, со Лиценца Б за надзор над изградба на градби од втора категорија со број --- од 29.05.2019 година, со важност до 29.05.2026 година.

Со Поднесок бр. --- од 28.03.2025 година, управителот ---, доставува обновено овластување Б за надзорен инженер со бр. --- од 06.02.2024 година, со важност до 05.02.2029 година.

Од увидот на лице место, констатирано е дека градбата е во фаза на изграденост: целосно изведен армиранобетонски скелетен систем, како и целосно изведени фасадни ѕидови од објектот.

Било констатирано дека во оваа фаза на изграденост, инвеститорот градбата ја градел согласно издаденото Одобрение за градење Уп1 бр. --- од 04.04.2024 година, правосилно на ден 26.04.2024 година и заверениот Основен проект (фази: архитектура, градежни конструкции, електрика, водовод и канализација) со тех. бр. --- од 2023 година.

Во однос на наводите на подносителот на пријавата дадени во прилог на барањето доставено од страна на ДКСК, Општинскиот градежен инспектор го дал следното појаснување:

Во однос на лиценцата и овластувањето на надзорот и надзорниот инженер, истите биле со валидна дата на важност.

За извршување на градежните работи во попладневните и ноќните часови, Општинскиот градежен инспектор немал законска надлежност да постапува по истите, односно надлежноста е на Министерството за внатрешни работи и Министерството за труд и социјална политика (ДКСК забележува дека видно од пријавата подносителот имал поднесувано пријави и до МВР и било постапувано по истите од нивна страна).

Другите наводи во однос на изведувањето на градбата, било констатирано дека истата е во согласност со издадената градежно-техничка документација.

Поради тоа што при извршениот инспекциски надзор над инвеститорите ---, ---, --- и ---, не биле утврдени неправилности при градењето на градба од втора категорија од Законот за градење – индивидуално домување, одобрено со Одобрение за градење Уп 1 бр. --- од 04.04.2024 година, правосилно на ден 26.04.2024 година, што се гради на ул. „--- “ бр. ---, КП ---, КП ---и КП ---, КО ---, инспекциската постапка е затворена во горенаведениот записник за извршен вонреден инспекциски надзор.

Од увидот во списите доставени во прилог на горенаведениот допис, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за

предметниот случај, постапил друг надлежен орган – Општинскиот градежен инспектор при Општина --- и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател
м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Доставено до:
- подносителот на пријавата